ОПШТИНА БИТОЛА

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е
## кон Измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Битола за 2020 година

Буџетот на Општина Битола заедно со Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Битола беа усвоени на седницата на Советот на Општина Битола број 49 одржана на ден 27.12.2019 година.

Во текот на 2020 година заклучно со месец август во Буџетот на Општина Битола беа донесени пет Одлуки за пренамени во Буџетот на Општина Битола четири Одлуки за проширувања во Буџетот на Општина Битола и четири измени и дополнувања на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Битола за 2020 година.

## ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ
## ПРИХОДИ НА ОПШТИНА БИТОЛА

Со измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Битола, вкупниот Буџет на Општина Битола во приходниот дел се намалува за 45.210.415,00 денари. Вкупниот износ од 2.255.703.184,00 денари се менува и гласи 2.210.492.769,00 денари.

Основниот Буџет останува на исто ниво,приходите од Самофинансирачки активности на буџетските корисници се зголемуваат за незначителни 182.000,00 денари по нивно барање, приходите во Дотации се намалуваат за 1.783.898,00 денари по предлог на Министерството за финансии со надлежните министерства за намалување на блок дотациите заради Ковид 19 и приходите од Донации се зголемуваат за 17.891.483,00 денари за планираните донации на Општина Битола и буџетските корисници од програмите Н1- Основно образование и Н2-Средно образование.

Планирани извори на приходи од кои ќе се финансираат расходите на Општина Битола во Буџетот за 2020 година се од :

1. ***Даночни приходи***
2. ***Неданочни приходи***
3. ***Капитални приходи***
4. ***Трансфери и донации***
5. ***Домашно задолжување***

Приходите на Буџетот на општината за 2020 година се планирани согласно законските рамки и досегашниот тренд на наплата од изворните приходи и дотациите од Буџетот на Република Северна Македонија.

Приходите во основниот Буџет на Општина Битола се во висина од **1.066.771.408,00 денари** и истите остануваат на исто ниво заради законските ограничувања во Законот за буџети. Промени се извршени заради усогласувања со процентот на реализација и наплата на одредени приходи, а кои усогласувања не влијаат на вкупно планираниот износ во основниот Буџет на Општина Битола.

| | Буџет | **Ребаланс** |
|---|---|---|
| Даночни приходи | 379.487.807,00 | **364.655.080,00** |
| Неданочни приходи | 141.678.220,00 | **137.212.220,00** |
| Капитални приходи | 50.550.000,00 | **70.169.648,00** |
| Трансфери и донации | 1.622.487.157,00 | **1.638.455.821,00** |
| Домашно задолжување | 61.500.000,00 | **0** |
| **Вкупно**: | 2.255.703.184,00 | **2.210.492.769,00** |

***а) Даночни приходи***

Даночните приходи во 2020 година планирани во износ од 379.487.807,00 денари, со измените и дополнувањата се намалуваат за 14.832.727,00 денари и ќе изнесуваат 364.655.080,00 денари.Намалувањето во најголем дел е кај даноците на специфични услуги каде за време на кризата како резултат на Ковид 19 од месец март до месец јуни за поставување на урбана опрема не се наплаќаше кај правните субјекти и беа ослободени од плаќање , а потоа од јуни до крајот на годината со Одлука на Совет на Општина Битола донесени се мерки за намалување на износот што правните субјекти ќе го плаќаат за оваа намена.Како резултат на мерките со Ковид 19 намалена е и реализацијата на надоместокот за уредување на градежното земјиште.

| | Буџет | **Ребаланс** |
|---|---|---|
| Данок од доход, од добивка и од капитални добивки | 25.017.000,00 | **30.505.000,00** |
| Даноци од имот | 132.200.000,00 | **134.200.000,00** |
| Даноци од специфични услуги | 187.251.345,00 | **164.430.618,00** |
| Такси за користење или дозволи за вршење на дејност | 35.019.462,00 | **35.519.462,00** |
| **Вкупно**: | 379.487.807,00 | **364.655.080,00** |

***б) Неданочни приходи***

Структурата на неданочните приходи за 2020 година во вкупниот Буџет на Општина Битола беше планирана со вкупен износ од 141.678.220,00 денари се менува и гласи 137.212.220,00 денари.

| | | Буџет | **Ребаланс** |
|---|---|---|---|
| **722** | Глоби, судски и административни такси | 3.002.000,00 | **3.004.000,00** |
| **723** | Такси и надоместоци | 122.937.520,00 | **119.569.520,00** |
| **725** | Други неданочни приходи | 15.738.700,00 | **14.638.700,00** |
| | **Вкупно:** | 141.678.220,00 | **137.212.220,00** |

Во колоната Основен Буџет неданочните приходи се намалуваат заради помал процент на реализација на приходите од закупнини и неданочните приходи.Зголемување кај неданочните приходи имаме и во колоната Самофинансирачки активности каде буџетските корисници ги зголемуваат приходите од останати неданочни приходи и такси и надоместоци за незначителен дел за реализација на активностите до крајот на годината.

*в) Капитални приходи*

| | | Буџет | Ребаланс |
|---|---|---|---|
| **731** | Продажба на капитални средства | | **1.149.863,00** |
| **733** | Продажба на земјиште и нематеријални вложувања | 50.550.000,00 | **69.019.785,00** |
| | **Вкупно**: | 50.550.000,00 | **70.169.648,00** |

Кај капиталните приходи имаме зголемување од 19.619.648,00 денари како резултат на продажбата на акциите на Еурофарм - Работник и како резултат на интересот за купување на земјиште во АРМ каде имаме зголемен процент на реализација на средствата од продажба на земјиште и нематеријални вложувања.

*г) Трансфери и донации*

Учеството на трансферите од други нивоа на власт и донациите од странство во вкупниот Буџет на Општината за 2020 година се застапени со следните износи:

| | | Буџет | Ребаланс |
|---|---|---|---|
| **741** | Трансфери од други нивоа на власт | 1.497.839.283,00 | **1.495.916.770,00** |
| **742** | Донации од странство | 117.627.657,00 | **135.518.834,00** |
| **744** | Тековни донации | 7.020.217,00 | **7.020.217,00** |
| | **Вкупно**: | 1.622.487.157,00 | **1.638.455.821,00** |

Во делот на Трансфери од други нивоа на власт во кои спаѓаат и дотациите од Буџетот на Република Северна Македонија за остварување на надлежностите во основното образование, средно образование, социјална и детската заштита, културата истите се намалуваат за 1.783.898,00 денари заради мерките со Ковид 19 , единствено се зголемуваат Донациите за 17.891.483,00 денари за планирани активности во донаторските сметки на општината за проектите Бенефит, Кино Култура, Интеграција зелен транспорт како и активности кај донаторските сметки на буџетските корисници.Трансферите од други нивоа на власт кај основниот буџет се намалуваат за 138.921,00 денари за намалениот износ кој се очекува да дојде од дотации од ДДВ со мерките за Ковид 19 по предлог на Министерството за финансии и извршените измени и дополнувања во државниот буџет.

.

*д) Домашно задолжување*

Средствата од домашно задолжување се бришат заради престанување на важноста на Одлуката за домашно задолжување во рамките на Проектот за подобрување на општинските услуги донесена на ден 25.08.2020 година број на одлука 09-87/58.

| | | Буџет | Ребаланс |
|---|---|---|---|
| **754** | Домашно задолжување | 61.500.000,00 | **0** |
| | **Вкупно**: | 61.500.000,00 | **0** |
| | | | |

# ПЛАНИРАНИ БУЏЕТСКИ РАСХОДИ НА ОПШТИНА БИТОЛА

Вкупните планирани расходи на Општина Битола за 2020 година 2.255.703.184,00 денари со измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Битола ќе изнесуваат 2.210.492.769,00 денари и со тоа се запазува буџетското правило на балансирани приходи и расходи. Истите се утврдени по одредени намени и видови согласно економската класификација.

| | | Буџет | Ребаланс |
|---|---|---|---|
| **40** | Плати, наемнини и надоместоци за вработените | 856.572.911,00 | **854.688.535,00** |
| **41** | Резерви и недефинирани расходи | 400.000,00 | **1.700.000,00** |
| **42** | Стоки и услуги | 444.912.321,00 | **451.631.446,00** |
| **45** | Каматни плаќања | 300.000,00 | **135.000,00** |
| **46** | Субвенции и трансфери | 267.276.129,00 | **271.576.851,00** |
| **47** | Социјални бенифиции | 4.350.000,00 | **5.850.000,00** |
| **48** | Капитални расходи | 667.491.823,00 | **610.628.937,00** |
| **49** | Отплата на главница | 14.400.000,00 | **14.282.000,00** |
| | **Вкупно:** | 2.255.703.184,00 | **2.210.492.769,00** |

И покрај измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Битола за 2020 година и натаму учеството на капиталните расходи е најголемо во вкупниот буџет со 27,62% со што ќе се иницира изградбата на нова инфраструктура и ќе се подобрат јавните услуги. Во делот на расходите за стоки и услуги со измените и дополнувањата учеството во вкупниот буџет ќе биде 20,43% и со тоа се обезбедува редовно функционирање на општината и расходите за финансирање на комуналните услуги и тековното одржување на основното образование и детската заштита, старскиот дом и зоолошката градина. Платите и надоместоците на вработените во општинската администрација и локалните јавни установи учествуваат со 38,66%.Субвенциите и трансферите во најголем дел ги опфаќаат трансферите до невладините организации,спортските клубови,ќе учествуваат со 12,28 %.Социјалните бенефиции ќе учествуваат со 0,26% и резервите , недефинираните расходи со 0,08%, каматните плаќања со 0,02% и отплата на главница со 0,65%.

## ТЕКОВНО- ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ

Во рамките на тековно - оперативните расходи со измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Битола за 2020 година доминираат расходите за стоки и услуги 28,23% плати и надоместоци 53,42% со што се обезбедува редовна основна функција на општината и локалните јавни установи и субвенциите и трансферите со 16,97%. Тековно-оперативните расходи со измените и дополнувањата на буџетот се зголемуваат за 11.652.471,00 денари.

| | | Буџет | Ребаланс |
|---|---|---|---|
| **40** | Плати, наемнини и надоместоци за вработените | 856.572.911,00 | **854.688.535,00** |
| **41** | Резерви и недефинирани расходи | 400.000,00 | **1.700.000,00** |
| **42** | Стоки и услуги | 444.912.321,00 | **451.631.446,00** |
| **45** | Каматни плаќања | 300.000,00 | **135.000,00** |
| **46** | Субвенции и трансфери | 267.276.129,00 | **271.576.851,00** |
| **47** | Социјални бенифиции | 4.350.000,00 | **5.850.000,00** |
| **49** | Отплата на главница | 14.400.000,00 | **14.282.000,00** |
| | **Вкупно** | 1.588.211.361,00 | **1.599.863.832,00** |

## Плати, наемнини и надоместоци за вработените

Платите и надоместоците кои се неопходни за функционирање на Општина Битола и локалните јавни установи со измените и дополнувањата на Буџетот се намалуваат за 1.884.376,00 денари во најголем дел кај надоместоците и се планираат да опфатат околу 38,66% од вкупно планираните расходи.

| | | Буџет | Ребаланс |
|---|---|---|---|
| **401** | Основни плати | 613.222.169,00 | 612.922.169,00 |
| **402** | Придонеси за социјално осигурување од работодавачи | 231.510.742,00 | 231.810.742,00 |
| **404** | Надоместоци | 11.840.000,00 | 9.955.624,00 |
| | **Вкупно:** | **856.572.911,00** | **854.688.535,00** |

## Резерви и недефинирани расходи

| | | Буџет | Ребаланс |
|---|---|---|---|
| **412** | Постојана резерва (непредвидливи расходи) | 200.000,00 | **1.500.000,00** |
| **413** | Тековни резерви (разновидни расходи) | 200.000,00 | **200.000,00** |
| | **Вкупно:** | 400.000,00 | **1.700.000,00** |

Средствата кои се испланирани за постојаната и тековна резерва не се искористени до измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Битола за 2020 година . Се планираат дополнителни 1.500.000,00 денари во постојаната резерва за исплата на штети кои настанаа со невремето кое го зафати градот на 4ти јули.

## Стоки и услуги

Планираниот дел на Буџетот на Општината Битола кој се однесува на Стоки и услуги се зголемува со измените и дополнувањата за 6.619.125,00 денари,наменет за потребите на локалната самоуправа, основните училишта, средните училишта,зоолошката градина, старски дом, и градинките и ќе изнесува 20,43 % од вкупно планираните расходи.

| | | Буџет | **Ребаланс** |
|---|---|---|---|
| **420** | Патни и дневни расходи | 20.398.863,00 | **19.937.161,00** |
| **421** | Комунални услуги, греење,комуникации и транспорт | 134.017.530,00 | **134.230.150,00** |
| **423** | Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки | 60.069.686,00 | **60.618.498,00** |
| **424** | Поправки и тековно одржување | 118.616.064,00 | **126.672.597,00** |
| **425** | Договорни услуги | 75.173.532,00 | **72.498.828,00** |
| **426** | Други тековни расходи | 30.536.646,00 | **30.474.212,00** |
| **427** | Привремени вработувања | 6.100.000,00 | **7.200.000,00** |
| | **Вкупно:** | 444.912.321,00 | **451.631.446,00** |

## Каматни плаќања

Средствата за Каматни плаќања се намалуваат за 165.000,00 денари и ќе опфаќаат 0,02 % од вкупните расходи во Буџетот.

| | | Буџет | **Ребаланс** |
|---|---|---|---|
| **452** | Каматни плаќања кон домашни кредитори | 300.000,00 | **135.000,00** |
| | Вкупно: | 300.000,00 | **135.000,00** |

## Субвенции и трансфери

Планираните средства кај Субвенциите и трансферите се зголемуваат за 4.300.722,00 денари во најголем дел кај ставките за кофинансирање на проекти на општината,исплата по извршни исправи, плаќања по судски решенија и др. Субвенциите и трансферите со измените и дополнувањата во буџетот на општината ќе учествуваат со 12,28%.

| | | Буџет | Ребаланс |
|---|---|---|---|
| **463** | Трансфери до невладини организации | 35.300.000,00 | **35.300.000,00** |
| **464** | Разни трансфери | 229.826.129,00 | **232.776.851,00** |
| **465** | Исплата по извршни исправи | 2.150.000,00 | **3.500.000,00** |
| | **Вкупно:** | 267.276.129,00 | **271.576.851,00** |

## Социјални бенифиции

Социјалните надоместоци со измените и дополнувањата останувaa на исто ниво и ќе опфаќаат 0,26 % од вкупните расходи.

| | | Буџет | Ребаланс |
|---|---|---|---|
| **471** | Социјални надоместоци | 4.350.000,00 | **5.850.000,00** |

## Отплата на главница

Отплата на главница за кредитот за АРМ четврт 1 и 2 се намалува за 118.000,00 денари по пресметката на Министерството за финансии. Досега е исплатена третата рата од Заемот од Светска банка за инфраструктурни активности во АРМ четвр 1 и 2.

| | | Буџет | Ребаланс |
|---|---|---|---|
| **491** | Отплата на главница | 14.400.000,00 | **14.282.000,00** |

## КАПИТАЛНИ РАСХОДИ

| | | Буџет | **Ребаланс** |
|---|---|---|---|
| **480** | Купување на опрема и машини | 40.810.277,00 | **49.602.716,00** |
| **481** | Градежни објекти | 260.000,00 | **360.000,00** |
| **482** | Други градежни објекти | 518.609.096,00 | **509.857.669,00** |
| **483** | Купување на мебел | 6.975.150,00 | **6.530.000,00** |
| **485** | Вложувања и нефинансиски средства | 14.215.500,00 | **15.572.500,00** |
| **486** | Купување на возила | 86.621.800,00 | **28.706.052,00** |
| | **Вкупно:** | 667.491.823,00 | **610.628.937,00** |

Капиталните расходи се намалуваат за 56.862.886,00 денари, и во вкупниот буџет ќе учествуваат со 27,62%.Намалувањето во најголем дел е кај купувањето на возила предвидено со домашното задолжување од Проектот за подобрување на општинските услуги.

# ФИНАНСИРАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ПО ПРИОРИТЕТИ УТВРДЕНИ ВО ПРОГРАМИТЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА БИТОЛА

***А0-СОВЕТ НА ОПШТИНА***

Со предложените измени и дополнувањата во Основниот буџет на Општина Битола во програмата А0- Совет на Општина Битола планираниот износ од **21.140.000,00 денари** се менува и гласи **23.424.711,00 денари.** Зголемувањето во најголем дел во оваа програма се однесува на зголемување на ставката Постојана резерва за исплата на штети настанати од невреме кое го зафати нашиот град во месец јули и зголемување на ставката за Социјални надоместоци од 4.000.000,00 денари на 5.500.000,00 денари.

***Д0-ГРАДОНАЧАЛНИК***

Работата на Градоначалникот на Општина Битола која се финансираше во износ од **6.489.400,00 денари** се намалува за незначителни 102.407,00 денари во ставката други оперативни расходи, и сега ќе изнесува **6.386.993,00 денари.**

***Е0-ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА***

Со предложените измени во програмата Е0- Општинска администрација планираниот износ од **176.002.000,00 денари се менува и гласи 182.444.241,00 денари.**

Зголемувањето е во износ од 6.442.241,00 денари,а се однесува на измени во ставките други оперативни расходи,привремени вработувања, плаќања по судски решенија, исплата по извршни исправи и трошоци по извршни исправи.

***Д1-МЕСНА САМОУПРАВА***

Средствата кои се предвидени во оваа програма се наменети за тековно одржување на месните заедници со преложените измени се намалуваат за 100.000,00 денари . Износот од **1.800.000,00 денари се менува и гласи 1.700.000,00 денари.**

***ЕА-КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ НА ОПШТИНАТА***

Со измените и дополнувањата,средствата во оваа програма се намалуваат за **2.750.000,00 денари** или од планираните **28.790.000,00 денари износот се менува и гласи 26.040.000,00 денари.** Намалувањето се однесува на купување на компјутерски софтвер за архивско работење кој се одложува за наредната година.

Во рамките на програмата ЕА- Капитални трошоци на општината во делот на Донации се планираат средства од **6.683.737,00 денари** во кој влегуваат покрај планираните средства од Грантот за успешност за реализација на проектот од Заемот за инфраструктура во АРМ 1 и 2 за купување на трактор , тука се планираат средства од Форумот на заедниците за опрема за четири детски инклузивни паркови во две основни училишта и две градинки , купување на комбе 12+2 со рампа за лица со попреченост и средства во висина од **151.937,00 денари** таблети за децата роми за следење на настава он лајн со мерките од Ковид 19 од проектот Изградба на спортско игралиште во населбата Баир.

Средствата од домашно задолжување се бришат заради престанување на важноста на Одлуката за домашно задолжување во рамките на Проектот за подобрување на општинските услуги донесена на ден 25.08.2020 година број на одлука 09-87/58 во износ од **61.500.000,00 денари.**

***Ф1-УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ И УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ***

Во буџетот на Општина Битола планираните средства во делот на урбанистичкото планирање и уредување на просторот во износ од **3.000.000,00 денари,** со измените и дополнувањата во Буџетот на општината остануваат на исто ниво.

***Г10-ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ***

Расходите од оваа потпрограма се наменети за партиципација на општината во проекти , партиципација на општината во центарот за рамномерен регионален развој за тековно работење подршка на проекти кофинансирање на општината и подршка на други проекти. Вкупниот износ од **17.984.605,00 денари, се менува и гласи 16.557.330,00 денари** со предложените измени и дополнувања на Буџетот на општината за 2020 година**. Намалувањето е за 1.427.275,00 денари** во најголем дел е кај студиските посети и учеството на семинари и конференции.
Во колоната Донации износот од **9.814.188,00 денари, се менува и гласи 7.918.684,00 денари** во оваа програма планирани се за реализација проектите Европа на врата, Креирање на можности работа за сите,ОКР- СРЦ,Стартап центар и др.

***Г20-ПОТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ***

Со измените предложени во Буџетот на општината за 2020 година средствата наменети во оваа програма во износ од **1.251.028,00 денари останувaат исти.**
**Во колоната Донации** планирани се средства за реализација на проектот Смарт -кул-тур во износ од **7.800.202,00 денари,** кои остануваат на исто ниво.

***ГД-ПРОЕКТИ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ***

Во оваа програма се планираат капиталните расходи кои се поврзани со подобрување и унапредување на енергетската ефикасност на локално ниво.
За подготвување на проекти, изградба и реконструкција на капацитети во енергетиката планираните средства **од 13.528.600,00 денари се намалуваат на 12.015.198,00 денари.**
Во колоната Донации во оваа програма планираните средства за проектот Бенефит се зголемуваат за **654.115,00 денари** за реализирање на планираните активности за проектот Бенефит.

***Ј3- ЈАВНО ОСВЕТЛЕНИЕ***

Во оваа програма се планираат тековно – оперативните расходи поврзани со одржување и функционирање на системите за јавно осветлување во општината.
За јавното осветление во општина Битола, планираните средства во висина од **55.800.170,00 денари се зголемуваат на 63.100.170,00 денари.** Зголемувањето е во износ од **7.300.000,00 денари** се однесува на поправка и одржување на улично осветление и замената на сијалиците.

***Ј4- ЈАВНА ЧИСТОТА***

Во оваа програма се планираат тековно – оперативните расходи поврзани со одржување на јавната чистота во општината, односно собирање и транспортирање на комунален отпад и одржување на местата за селективно собирање на отпад од страна на ЈП Комуналец - Битола.
Програмата останува да се реализира со средства во висина од **18.000.000,00 денари.**

***Ј6- ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА,УЛИЦИ,И РЕГУЛИРАЊЕ НА РЕЖИМ НА СООБРАЌАЈ***

Програмата за одржување и заштита на локалните улици и патишта и регулирање на режимот на сообраќај со измените и дополнувањата на Буџетот на општина Битола за 2020 година останува иста **24.049.441,00 денари.**

### *Ј7- ОДРЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО*

Програмата се планира да се финансира со средства во висина од **17.000.000,00 денари** до крајот на годината и со измените и дополнувањата на буџетот за 2020 година нема измени во истата.

### *Ј8- ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ*

Во оваа програма се планираат тековно – оперативните расходи за дезинсекција, дератизација, дезинфекција, и други расходи.
Планираните средства за дезинфекција, деритизација, дезинсекција во износ од **1.700.000,00 денари** се зголемуваат за **306.000,00 денари.**

### *ЈА- ИЗГРАДБА НА ЈАВНО ОСВЕТЛЕНИЕ*

Во оваа програма се планираат капиталните расходи кои се поврзани со набавка, реконструкција и поставување на нови системи за јавно осветлување. Со измените и дополнувањата на буџетот на општината за 2020 година оваа програма се зголемува за **5.319.450,00 денари.**
Програмата се планира да се реализира со средства во висина од **14.418.493,00 денари.**

### *ЈД- ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ УЛИЦИ И ПАТИШТА*

Во оваа програма се планираат капиталните расходи кои се поврзани со изградба и реконструкција на локални патишта и улици,подготвување на проекти за улици и патишта како и надомест за одземен имот.
Програмата се планира да се реализира со средства во висина од **148.730.056,00 денари,** со зголемување од **12.940.072,00 денари** со измените и дополнувањата на буџетот за 2020 година.
Во колоната Донации покрај планираните средства за реализација на грантот за изградба на улици,патишта и автопати средства од Грантот за успешно реализирање на проектот за изградба и реконструкција во АРМ четврт 1 и 2, планирани се средства и за градежниот дел од проектот Смарт-кул-тур.Програмата ќе се реализира со средства во висина од **8.902.803,00 денари.**

### *ЈФ- ИЗГРАДБА НА СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА*

Во оваа програма се планираат капиталните расходи кои се поврзани со поставување и заменување на сообраќајните знаци и заштитна опрема на локалните патишта и улици, односно подигање на вертикална и хоризонтална сигнализација.
Во програмата има измени и зголемување за **3.227.895,00 денари** и истата ќе се реализира со средства во висина од **7.628.495,00 денари.**

### *ЈГ- ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ*

Програма со која се планираат капиталните расходи кои се поврзани со изградба, реконструкција и доградба на водоснабдителниот систем на територијата на општината и набавка на потребната опрема, подготвување на проекти за капацитети за водоснабдување се намалува за **4.762.561,00 денари.**
Програмата се планира да се реализира со средства во висина од **12.942.738,00 денари.**
Во колоната Донации се планирани средствата за реконструкција на чешми ( средства поврзани со реконструкција на постоечкото спортско игралиште) во населбата Баир во износ од **48.153,00 денари.**

***ЈИ- ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ОДВЕДУВАЊЕ И ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ***

Во оваа програма се планираат капиталните расходи кои се поврзани со изградба, реконструкција и доградба на канализациониот систем (атмосферска и фекална канализација) на територијата на општината и набавка на потребната опрема,подготвување на проекти и др.
Програмата се планира да се реализира со средства во висина од **39.558.155,00 денари** со измените и дополнувањата на буџетот за 2020 година.
Во колоната Донации испланирани се средства за реконструкција на канализација во населбата Баир во износ од **68.450,00 денари.** (средства поврзани со реконструкција на постоекото спортско игралиште во населбата Баир).

***ЈЛ- ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ)***

Во оваа програма се планираат капиталните расходи за други комунални услуги како што е изградба и реконструкција на други објекти и подготвување на проекти за други објекти.
Програмата се планира да се реализира со средства во висина од **65.804.248,00 денари** во овие средства се испланирани средствата во висина од **3.800.000,00 денари** за реконструкција и адаптација на 38 дуќани во битолската чаршија.Со измените и дополнувањата на буџетот на општина Битола средствата во оваа програма се зголемуваат за **7.187.431,00 денари.**
Во колоната Донации планираните средства за реконструкција на постоечкото игралиште во населба Баир се намалуваат од **615.000,00 денари** на **427.004,00 денари** согласно Одлуката за избор на најповолен изведувач.

***К3-МУЗЕЈСКА И КИНОТЕЧНА ДЕЈНОСТ***

Буџетскиот корисник од програмата К3- Зоолошката градина планираните средства од Самофинансирачки активности ги предлага со измените во буџетот на Општина Битола за 2020 година да останат на исто ниво од **2.720.000,00 денари**, додека планираните средства од блок дотации од Министерството за Култура во износ од **10.348.741,00 денари** се менуваат и гласат **10.296.343,00 денари**. Намалувањето изнесува **52.398,00 денари.**
Во колоната Буџет средствата во висина од **500.000,00 денари** како подршка за зоолошката градина остануваат на исто ниво.

***К4-КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО***

Програмата за реализација на културните настани со измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Битола за 2020 година останува на исто ниво од **8.000.000,00 денари**.

***КА0-КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО( КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ)***

Во колоната Буџет средствата за реализација на проектот изградба на Кино Манаки добиени од Министерството за култура се планираат на износ од **7.916.554,00 денари.**
Во колната Донации во оваа програма каде е планиран проектот Кино култура и учеството на општината во реконструкцијата на Офицерски дом за партерно уредување износот останува на исто ниво **18.027.356,00 денари.**

***Л00-СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА***

Со измените и дополнувањата на Буџетот на општина Битола оваа програма останува иста и ќе се финансира во износ од **30.000.000,00 денари**.

***В1-ДЕТСКИ ГРАДИНКИ***

Детските градинки се корисници на блок дотација од Министерство за Труд и социјална политика и таа за 2020 година изнесува **134.224.685,00 денари, со измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Битола се предлага истите да бидат во износ од 134.011.685,00 денари, со намалување од 213.000,00 денари.**
Планираните средства од Самофинансирачки активности кои изнесуваат **61.526.000,00 денари**. остануваат на исто ниво.
Во колона Донации предвидени се средства од донации во висина од **561.000,00 денари** кои исто така се предлага да останат на исто ниво.

***ВА-КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА ДЕТСКИ ГРАДИНКИ***

Во оваа програма средствата планирани за реконструкција во ЈОУДГ Мајски цвет во износ од **4.121.935,00 денари** остануваат на исто ниво.

***В2-ДОМ ЗА СТАРИ ЛИЦА***

Кај Домот за стари лица планираните активности во сметката за Самофинансирачки активности остануваат на исто ниво **28.000.000,00 денари**.
Блок дотацијата која ја добива од Министерство за труд и социјална политика изнесува **20.356.923,00 денари** се менува и гласи **20.319.423,00 денари** со предложените измени во буџетот на општината се намалуваат средствата за износ од **37.500,00 денари.**

***Н10-Н20 ОСНОВНО И СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ***

Во програмата Н10-Основно образование со ребалансот на Буџетот се предлага износот на планираните расходи во сметката за Самофинансирачки активности **од 9.370.000,00 денари да се менува и гласи 9.552.000,00 денари.**

Се намалува износот на блок -дотацијата во програмата Н10-Основно образование и тоа од предвидените **419.222.589,00 денари да се менува и гласи 418.341.589,00 денари.** Намалувањето е во износ од 881.000,00 денари.

Во колната Донации износот на средствата од **12.025.455,00 денари се зголемува на 12.025.761,00 денари,** поради добивање на одредени донации каде аплицирале основните училишта.

Со предвидените средства во Донации ќе се реализираат средства од програмата Еразмус плус, Фондот за иновации и технолошки развој, проектот Бастион во соработка со МОН и др.

Во колната Буџет се планираат средства за подршка на основните училишта во висина од **47.141.198,00 денари, наместо досегашните планирани средства во висина од 42.621.998,00 денари,** зголемувањето на средствата е во висина од **4.519.200,00 денари.**

Со оваа зголемување се извојуваат средства за купување на комјутери за учениците во основните училишта за следење на он лајн настава , интернет и купување на мерачи за температура.

Во програмата Н20-Средно образование со ребалансот на Буџетот се предлага износот на планираните расходи во сметката за Самофинансирачки активности **од 16.162.220,00 денари да остани на исто ниво.**

Се намалува и износот на блок -дотацијата во програмата Н20-Средно образование и тоа од предвидените **282.945.744,00 денари да се менува и гласи 282.345.744,00 денари.**

Намалувањето е во износ од **600.000,00 денари .** И покрај намалувањето на средствата и во оваа програма се издвојуваат средства за купување на компјутери за следење на он лајн настава, интернет и апарати за мерење на температура.

**Во колната Донации** предвидените средства остануваат исти во висина од **17.463.348,00 денари.**

Со предвидените средства во Донации ќе се реализираат средства од програмата Еразмус плус, Фондот за иновации и технолошки развој, проектот Бастион во соработка со МОН и др.

***НБ-КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ***

Во оваа програма планирани се средства од Донации кај СОТУ Ѓорги Наумов за капитални расходи за Реконструкција на зградата на училиштето во вкупен износ од **9.920.000,00 денари,** со измените и дополнувањата на буџетот на општина Битола за 2020 година остануваат на исто ниво.

***Ј0-ПРОТИВПОЖАРНАТА ЗАШТИТА***

За финансирање на активностите на противпожарната единица во Битола во рамките на оваа програма се планираат средства за функционирање од Буџетот на општината Битола и наменската дотација од Министерството за одбрана.

Средствата од Буџетот на Општина Битола во износ од **6.656.000,00 денари** се менуваат и се предлага да гласат **6.963.790,00 денари.**

Средствата од наменска дотација од Министерство за Одбрана во износ од **17.907.000,00 денари,** наменети исклучиво за плати на вработените во ТППЕ- Битола, се предлага да останат на исто ниво.

***Р10-ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДА***

Во буџетот на Општина Битола со измените и дополнувањата во оваа програма средствата во висина од **160.000.000,00 денари**, остануваат на исто ниво. Наменети се за субвенционирање на активности од заштитата на животната средина.

***РА-ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДА(КАПИТАЛНИ РАСХОДИ)***

Во буџетот на општина Битола се планираат расходи поврзани со превземањето на мерки и активности за заштита и унапредување на животната средина кои не се во исклучива надлежност на други државни органи. Средствата во оваа програма остануваат на исто ниво во висина од **14.359.462,00 денари**.

Донацијата за проектот Интеграција на зелен транспорт се планира со зголемување на планираните средства од **6.933.770,00 денари на 12.172.460,00 денари** ,заради постапките за јавни набавки кои треба да течат во овај период и реализација на активностите од проектот.

***Џ1-РОДОВА ЕДНАКВОСТ***

Во оваа програма се планираат тековно – оперативните расходи поврзани со родовата еднаквост. Програмата е вградена во програмата за работа на КЕМ и се планираат активности во делот воведување на родовиот пристап во креирање на политики, донесување на одлуки и пристап до ресурсите на општината. Родовата еднаквост преку образование, култура, медиуми, здравство, социјална заштита, спорт и против родово основано насилство и трговија со луѓе.

• Програмата се планира со измените и дополнувањата на буџетот да се реализира со средства во висина од **500.000,00 денари.**

# ПЛАН НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ

Планот на програмите за развој со Измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Битола за 2020 година се менува.Покрај постоечките 4 развојни програми се додаваат нови 16 програми или вкупно 20 развојни програми.Износот од **135.500.000,00 денари** се менува и гласи **117.423.107,00 денари.**

| | | Буџет | **Ребаланс** |
|---|---|---|---|
| **JDI** | **Реконструкција на улица „Илинденска“** | **15.000.000,00** | **15.000.000,00** |
| **JDA** | **Реконструкција на дел од улица „Довлеџик“** | | **5.219.247,00** |
| **JDB** | **Изградба на улица „Довлеџик“ од мостот до граници на ГУП** | | **3.000.000,00** |
| **JDZ** | **Санација на улица „Индустриска“** | | **3.277.060,00** |
| **JDM** | **Реконструкција на локален пат с.Трново-с.Магарево** | | **2.000.000,00** |
| **JDS** | **Реконструкција на локален пат за с.Буково** | | **1.000.000,00** |
| **JDN** | **Реконструкција на улица „Ѓорги Беќаров“** | | **2.000.000,00** |
| **JDR** | **Реконструкција на улица „2-ри Август“** | | **1.000.000,00** |
| **JDK** | **Реконструкција на улица „Булевар 1-ви Мај“** | | **1.000.000,00** |
| **КАВ** | **Ревитализација на поранешен Офицерски дом** | **10.000.000,00** | **5.000.000,00** |
| **LAA** | **Реконструкција на други објекти** | **90.500.000,00** | **52.000.000,00** |
| **GDA** | **Гасификација на Општина Битола** | **20.000.000,00** | **6.836.800,00** |
| **VAA** | **Изградба на детска градинка во АРМ** | | **12.090.000,00** |
| **JIK** | **Изградба на колекторски систем до с.Буково** | | **2.000.000,00** |
| **JIM** | **Реконструкција на атмосферска канализациона мрежа на ул„Довлеџик“** | | **1.000.000,00** |
| **JIN** | **Реконструкција на фекална канализациона мрежа на ул„Довлеџик“** | | **1.000.000,00** |
| **JIA** | **Реконструкција на канализациона мрежа на ул„2-ри Август“** | | **1.000.000,00** |
| **JGA** | **Реконструкција на водоводна мрежа на ул„2-ри Август“** | | **1.000.000,00** |
| **JGM** | **Реконструкција на водоводна мрежа на ул„Булевар 1-ви Мај“** | | **1.000.000,00** |
| **JGN** | **Реконструкција на водоводна мрежа на ул„Довлеџик“** | | **1.000.000,00** |
| | **ВКУПНО** | **135.500.000,00** | **117.423.107,00** |

*Изработил*
*Сектор за финансиски прашања*